

20 JUBILEE years

ДА ПОГЛЕДНЕМЕ НАНАПРЕД • LET'S LOOK AHEAD

# ПРАВОСЛАВИЕ

*Интервју со Архимандрит отец Гаврил (Галев):*

## ДА ГИ НАДМИНЕМЕ СИТЕ НАШИ НЕПРИЈАТНОСТИ И ДА ПОГЛЕДНЕМЕ НАНАПРЕД









20 years of the ordination into rank of Hieromonk

# БИОГРАФИЈА НА НЕГОВОТО ВИСОКОПРЕПОДОБИЕ, АРХИМАНДРИТОТ Г. ГАВРИЛ (ГАЛЕВ)

Архимандрит Гаврил (Галев) е роден во градот Штип, Р. Македонија. Православен богословски факултет завршил во Скопје. Замонашен е од страна на Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот Струмички г. Наум. По десет години поминати во Струмичката епархија, Божјата промисла во 2006 година ќе го однесе отец Гаврил во Австралија, каде е прв македонски монах. До 2016 година бил игумен на манастирот „Свети Прохор Пчински" во Донибруг, во околината на Мелбурн. Потоа една година поминал во Рокдејл, во близина на Сиднеј, каде како старешина на храмот „Света Петка" извршувал и парохиска служба за потребите на тамошниот народ. Во ноември 2017 година е ракопроизведен во архимандритски чин.

Денес е игумен на манастирот „Свети Климент Охридски" во Кинг Лејк при Австралиско-сиднејската православна епархија. Освен тоа моментално е претседател на Македонската православна младина на Австралија (MOYA). Многу е активен на мисионерското поле и еден е од основачите на епархиското списание „Православие". Сите овие години е многу активен пастир и доста почитуван од македонскиот народ.

# ДА ГИ НАДМИНЕМЕ СИТЕ НАШИ НЕПРИЈАТНОСТИ И ДА ПОГЛЕДНЕМЕ НАНАПРЕД

*Интервју со Неговото Високопреподобие Архимандритот Гаврил (Галев), игумен на манастирот „Свети Климент Охридски“ во Кинг Лејк – за списанието „Православие“*

***1** Високопреподобен Архимандрите, Вие во далечната 1998 година го примивте монаштвото, бевте замонашени од Вашиот духовен отец, Високопреосветениот Митрополит Струмички г. Наум. Оваа година изминуваат цели 20 години од тој миг. Кажете ни нешто за тоа како се одлучивте да бидете дел од монашкиот живот и за тие времиња од Вашиот живот?*

Монаштвото е, како што во тоа време блажениот архиепископ Охридски и Македонски г.г. Михаил (во чие време се обнови монаштвото во МПЦ ОА), ќе рече: „носечки столб и елитната војска” на Црквата Христова. Улогата на монаштвото во Црквата е незаменлива. Монах е оној кој во целост ја прифатил единствената Божја заповед за љубовта: „Возљуби Го Господа, својот Бог, со сето свое срце, и со сета своја душа, и со сиот свој разум“ и „Возљуби го својот ближен како себе си“ (Мат. 22,36-40). Оној којшто се одделува од светот за да биде поблизок со Бога, за истовремено во своето срце и молитви да го прегрне сиот свет











и човештвото. Монахот на тој начин го носи крстот Христов и учествува во Неговиот живот и на себе ги носи Неговите рани.

Тоа беше време на духовен препород во Македонија, после распадот на комунистичкиот атеистички систем, кога на народот му беше дозволено без страв да си верува во Бога и да ги посетува црквите.

Во тоа време од страна на Српската православна црква (СПЦ) ни се замеруваше, бидејќи немавме монаштво, дека сме немале услови да бидеме признати како автокефална Црква.

Во 1995 година со доаѓањето на монахот Наум, којшто неговото монашко искуство го црпеше од непрестајните врутоци на Богородичната градина на Света Гора, кого Светиот архиерејски синод (САС) на Македонската православна црква – Охридска архиепископија (МПЦ-ОА) го избра и го хиротониса за Митрополит на Струмичката епархија, се исполни и тој услов. Доста млади души се собраа околу него од кои некои го зедовме на себе крстот на монашкиот живот.

Благодатата да се биде монах во тоа време беше голема. Иако условите беа несоодветни и тешки, а општествените прилики опасни, сепак Божјата благодат, не охрабруваше и привлекуваше. Благодатта Божја, по барање на Богородица, го возобнови

монаштвото во Македонија. Оттука почна првото монаштво во возобновената МПЦ-ОА, од манастирите Велјуса и Водоча.
Подоцна, сè стана поинаку. Фала му на Бога, сега има повеќе од 200 монаси и монахињи во над 20 - тина отворени манастири и сета атмосфера е сменета на подобро.

**2** *По неколку години поминати во Македонија, кога во 2006 година со благослов на Високопреосветениот Митрополит Струмички г. Наум, од позиција на игумен се одлучувате да дојдете во Австралија, на некој начин се случува пресвртница во Вашиот живот. Вие бевте првиот македонски монах на Австралиско тло. Македонскиот народ со радост Ве прифати уште од првиот ден, а нивните симпатии кон Вас траат до ден денес. Поради кои причини се одлучивте да дојдете во Австралија? Со какви се предизвици се соочивте и што сè остваривте?*

Да, со благослов на мојот духовен отец, Високопреосветениот Митрополит Струмички г. Наум, дојдов во Австралија и бев прв македонски монах овде. Како се одлучив? Иако знаејќи за црковните проблеми во Австралија, сепак не беше тешко да се одлучам. Монашкиот живот се базира на послушание и избирање на последното место во копнеж за духовно восовршување. Во тоа време, Владиката Наум го подготвуваше својот докторски труд: „Исихазмот во светогорското монаштво од 20 век", каде уште во првата глава се вели дека ако сакаме духовно да напредуваме треба да се откажеме од себе, да бегаме од секаква светска суета и причина за високомислие, избирајќи послушание кон не толку познат старец, во непознат манастир и во туѓа земја, каде и јазикот не го знаеме. Друга причина беше љубовта кон мојот народ, а секако пред сè почитта и довербата кон мојот духовен



20 years of the ordination into rank of Hieromonk

отец. Почетокот не беше лесен. Народот не знаеше ништо за монаштвото, па и свештениците немаа искуство. Условите кои ги имав во Македонија и тука беа сосема различни. Во Македонија веќе имавме организирани и изградени манастири и солидни услови за монахување, што не беше случај и овде. Овде сè требаше да се почне од нула. Се трудев да градам искрени личносни односи со луѓето кои, како што кажуваш, и до ден денес траат.
Предизвиците не беа мали и лесни, но фала му на Бога, со Божји благослов сè почна од почеток и колку во тоа е успеано, Господ знае. Секогаш има можност за повеќе, а секако, може да биде и полошо. Каде сум јас на тоа скалило, не знам. Само знам дека сè лошо беше од мене, а доброто од благословот на мојот духовен отец.



*З Скоро 10 години бевте игумен на манастирот „Свети Прохор Пчински“ во Донибрук. Чудна е Божјата промисла, па во 2016 година ја започнавте својата мисија во новоформираната Австралиско – сиднејска епархија. Бевте назначени за игумен на првиот македонски манастир „Свети Климент Охридски“ во Кинг Лејк, Мелбурн, но таа цела година ја поминавте во Сиднеј, во мисија при Црковната општина „Света Петка“ во Рокдејл. Вие се соочивте како јеромонах да извршувате парохиска дејност. Кажете ни нешто повеќе за тоа искуство поминато како парохиски свештеник во Рогдејл?*

Воопшто не е лесно и наивно за монах да живее во светот и врши парохиска служба. Утеха ми беше што живеев сам во стан на седми спрат и го гледав само небото и морето во далечината. Друштво ми правеше Илчо, моето папагалче.







Ја прифатив таа служба како послушание и од почит кон мојот претпоставен владика, Неговото Високопреосвештенство г. Тимотеј, Митрополит Дебарско - кичевски и Администратор Австралиско-сиднејски. На 31 јули ми кажаа дека треба да одам за Сиднеј, бидејќи во црквата „Света Петка“ останале без свештеник, а претстојуваа два големи празници, Илинден и патрониот празник на Света Петка. Така што веќе наредниот ден бев во Сиднеј и тоа нема никако да го заборавам. Мојата прва средба со парохјаните. Тие знаеја за одлуката на владиката Петар дека го повлече својот свештеник и не знаеја што ќе се случува во иднина. Кога на 2. август се појавив во храмот, нивните лица, нивните солзи, нивната радост и благодарност кон Бога дека не се оставени, ме трогнаа и мене до солзи. Тоа не се заборава.
Целото време додека бев таму имавме прекрасна соработка. Во голема мера се врати довербата кон свештенството, раскараните браќа и сестри се помирија и луѓето се вратија во Црквата.
Според мене, тоа се мили и чесни луѓе, верници и родољуби. За време на таа година помината во Сиднеј, запознав прекрасни луѓе со кои се надевам дека и понатаму ќе имаме можност да ги одржуваме контактите. Морам да издвојам некои од нив и јавно да им се заблагодарам. Многу сум му благодарен на проф. Роберт Наумоски, кој секогаш беше тука за мене, да ми се најде и помогне во секоја прилика и неприлика, заедно со неговата сопруга, Маја Наумоска, која понекогаш доаѓаше директно од работа (работеше и трета смена) и со нејзиниот милозвучен ангелски глас ми пееше на Литургиите. Голема благодарност и до претседателот и целиот управен одбор на ЦО, исто и на сестра Викторија која ме прифати како свој син и ми помагаше во Црквата и многу други. Да не бидам неправеден, искрено се заблагодарувам на сите нив, кои најискрено ме прифатија и на некој начин направија тој мој крст да ми биде полесен.

*4 Познат сте како голем љубител на животинскиот свет. И во манастирот во Донибрук, па и овде во Кинг Лејк како што гледам сте опкружени со животни. Од каде таа голема љубов кон нив и во моментот колку миленичиња имате?*

Ги сакам животните. Сега не толку, но порано, во поранешниот мој манастир во Донибрук, имав разновидни животни и имав план да отвориме мини зоолошка градина за децата, или како што овде ги нарекуваат „Children farm".
Животните се дар од Бога за наша помош и утеха. Од нашиот однос кон нив се чита и содржината на нашето срце. Како што вели нашиот народ: „кој не ги сака животните, не ги сака ни луѓето". Не треба да ги идеализираме и изедначуваме со луѓето, но да ги сакаме и да не ги малтретираме.
Многу нешта може да се научи од нив. Во денешно време кога свеста и љубовта во човештвото се заладува и затемнува, Бог, како што порано преку магарицата на Валаам, прозборела и ги опаметила, така и сега во ова време на еден начин преку нив ни говори. На, пример, имав папагал кој се молеше, па ако тој ја научи и ја повторуваше Исусовата молитва, колку повеќе ние луѓето. Или сега на пример папагалчето Илчо што го имам, е најдобар другар со моето маче и сакаат да си играат. Па ако тие, кои во суштина треба да бидат непријатели, знаат да се разберат и здружат, колку повеќе ние Македонците овде, кои зборуваме еден ист јазик и имаме иста култура и потекло?! И уште многу такви примери.
Нормално, морам да напоменам и за да не бидам погрешно разбран, треба да имаме правилен однос кон нив. Сепак тие се само животни и тоа го прават инстинктивно, а ние сме слободни личности создадени според образот и подобието Божјо.









*5 Во ноември минатата година за време на посетата на Македонија го добивте и највисокиот монашки чин – Архимандрит. Како си поминавте овој пат во нашата Татковина, со какви впечатоци се здобивте и секако какво е чувството со највисокиот монашки чин?*

Си ја сакам мојата земја и мојот народ и секоја година доаѓам во Македонија. Со секое мое враќање назад се стекнувам со некое ново искуство и впечаток. Овој пат, да бидам искрен, помалку и разочаран се вратив.
Производството во архимандритски чин, кое беше буквално во последниот ден и беше потполно изненадување и неочекувано за мене – ме подигна духовно. Иако многумина, кога ме испраќаа од тука, ми го посакуваа. Веќе се подготвував за заминување. Ја напуштив Струмица и моите браќа и сестри. Се поздравив и со мојата мајка во Штип и требаше да преноќевам кај брат ми во Скопје, за утредента да одам на аеродром. Кога бев во Скопје ми се јавија да дојдам во Куманово на бдение, каде што Неговото Високопреосвештенство г. Наум во сослужение на нивните Високопреосвештенства г. Јосиф Кумановски и г. Јосиф Тетовски, ме произведе во чин архимандтит и ми даде да носам надграден крст и жезол.

Архимандритскиот чин за мене недостојниот е само уште една поголема одговорност пред Бога и духовните чеда, кои ми се доверени. Искрено им благодарам за нивната доверба и се надевам дека достојно ќе ја оправдам истата.

**6** ***Знаеме дека треба контуинирано заеднички, согласно и правилно да се работи и допринесува за успех и преуспевање на Епархијата и Заедницата, меѓутоа, на тој пат често во минатото, па и сега сведоци сме дека постојат разни препреки, па и грешки. Во што го гледате главниот камен на сопнување и според Вас како најактивен пастир како најбрзо би се решиле сите црковни проблеми на МПЦ-ОА во Австралија и Нов Зеланд?***

Според мене, недовербата и искушението на клирикализмот, современата ерес во Црквата, се најголемата пречка. Најнапред треба да знаеме што е правилно за Црквата и кои односи и правила владеат во неа и нашиот живот да го усогласиме според тоа.

Грешките се неминовни кај оние што работат. Но грешките се и за поправање. Нив можеме да ги поправиме единствено на добар начин, посебно за нас во Црквата. Ништо не е добро, ако се постигнува на лош или погрешен начин. Работите се поправаат и менуваат суштински, ако ги прифатиме како свои и лично се менуваме на добро.

Свештениците не се некоја посебна група на луѓе, кои треба да се изолираат од народот и за нив да владеат други закони. Тие треба да се со народот и народот да ги чувствува како свои. Вистински лидер не е оној кој стои над народот, туку оној кој оди пред народот. И тогаш ќе биде, како што вели светиот апостол Јован во своето Евангелие: „Вистина, вистина ви велам: кој не влегува низ вратата во овчото трло, а прескокнува од другата страна, крадец е и разбојник; а кој влегува низ вратата, пастир е на овците; нему вратарот му отвора и овците го слушаат гласот негов, и тој ги вика своите овци по име; и ги изведува. И кога ќе ги изведе овците свои, оди пред нив, и овците одат по него,







бидејќи му го познаваат гласот негов; а по туѓ човек не одат, туку бегаат од него, оти гласот на туѓиот не го познаваат“ (10,1-5). Заемната доверба и почит мора да се подобрат. Тоа е единствениот услов да се надминат сите наши недоразбирања и проблеми и мислам дека треба да им се врати потребната почест и благодарност на пионерите и дејците преку кои овде почна сè. Не смееме, а и грев е, да го негираме нивното дело, макар и да имале грешки.

**7** ***Сведоци сме на засилена црковна мисија на Австралиско-сиднејската епархија кај народот. Со благослов на надлежниот архиереј, Митрополитот г. Тимотеј се формира Епархиски црковно-просветен собор (ЕЦПС), кој се зафати со работа на низа проекти. Што сѐ досега се има направено на мисионерско поле и колку тие мисионерски проекти помагаат во процесот на воцрковување и духовен напредок на Македонците во Австралија и како истите се прифатени?***

Со Божјиот благослов и благодатта, како и со благословот на нашиот надлежен архиереј дедо Тимотеј, преку чиј благослов се формира Епархиски црковно-просветен собор (ЕЦПС), кој сериозно се зафати со работа – успеавме да внесеме првична свежина на мисионерското поле и со тоа да влијаеме на зголемување на духовноста кај верните.

Се формира посебно епархиско тело – Информативна служба, која ја направи епархиската веб-страна www.mpcaus.org, како и епархиските социјални мрежи: фејзбук, инстаграм и јутуб страница, кои и денес секојдневно функционираат и ги информираат верниците.



Исто така се разви богата просветно-издавачка дејност. Се формира и од печат излегоа првите три броја, а во поготовка е и четвртиот број на епархиското списание „Православие“. За прв пат се отпечати и епархиско џебно Православно календарче за 2018 година. Електронски излегува епархискиот билтен „Преображение“. Пред извесно време од печат излезе и епархиската периодика „Кинонија“, како и богослужбената книга „Божествена литургија на свети Јован Златоуст“.

Сите овие проекти заедно, сигурно допринеле и допреле до некоја мила човечка душа, која благодарение на нив, успеала да го започне своето духовно патување. Затоа охрабрени и поттикнати од нашите верници за сето ова што до сега сме го направиле како тим – ќе продолжиме и во иднина да ги радуваме сите нив и да допренесуваме нивниот број, бројот на верното стадо да расте и да се зголемува Црквата Божја.




20 years of the ordination into rank of Hieromonk

*8 Периодов се чини дека со доаѓањето на неколку нови млади свештеници постепено, но сигурно се става крај на повеќето проблеми, кои долго време ја мачеа македонската заедница. Со тоа се утврди дека на МПЦ-ОА во Австралија и е потребна нова млада и свежа крв, нови луѓе кои ќе внесат свежина. Единствено нешто што недостасува е конечно обединување на двете епархии во една, која конечно ќе биде возоглавена од нов Митрополит, со постојано седиште во Австралија. Народот има најголема доверба во Вас. Доколку Светиот архиерејски синод би укажал благоволение за конечно решавање на проблемите и Ве назначи за архиереј, дали би го прифатиле тој Божји повик?*

Кој ќе стане Митрополит за Австралија и Нов Зеланд одлучува САС на МПЦ-ОА, така дали ќе бидам тоа јас, не зависи од мене. Синодот го бира, а народот го потврдува.



Знам само дека за еден монах, кој треба да се труди во своето смиреноумие и умирање за светот, погубна е помислата да сака да напредува во јерархијата, посебно да сака да стане владика. Затоа ова прашање го оставам на Божјата волја и одлуката на САС на МПЦ-ОА.

Голема благодарност кон неговото Високопреосвештенство г. Тимотеј, кој со неговото доаѓање како Администратор на новоформираната Австралиско-сиднејска епархија, и покрај тоа што некои негираат, направи многу. Тој и порано бил надлежен Митрополит за цела Австралија и добро му се познати луѓето и околностите, така што со неговата пастирска мудрост се нафати во нормализирање и поправање на сите негативности и пропусти од минатото.

Новите свештеници се само дел од таа негова грижа.

**9** *Вие сте и претседател на Македонската православна младина на Австралија (MOYA). Секојдневно сте во контакт со младите и заедно остварувате голем број проекти. Пред скоро време во манастирот во Кинг Лејк беше одржан и 11-ти по ред Македонски православен семинар. Какви проекти и активности заедно со младината очекувате да остварите во наредната 2018 година?*

MOYA постои веќе 12 години, со моето доаѓање во Австралија, и активно фунционира помеѓу нашата младина и до сега има спроведено многу успешни проекти. Младинскиот годишен семинар е главна активност на MOYA, така што и оваа година успешно се спроведе. Минатата година, младите, мене ми ја доверија честа да бидам претседател на Организацијата. Наскоро треба да има ново генерално собрание на кое ќе говориме за она што се постигнало во минатата година и она што го очекуваме во претстојната. Јас полека староам и веќе не сум толку млад, затоа треба новите свештеници да се потрудат и да ја преземат работата со Младинската организација. Ќе се избере ново раководство кое ќе продолжи понатаму да ги диктира активностите помеѓу младите. Мене ми е мило што MOYA еве веќе дванаесет години постои и фунционира и прерасна во препознатлива и важна Организација на нашата Црква и македонската заедница.





**10** *Често ја користите приликата да остварувате посети и контакти со претставници од Помесните цркви? Какви се релациите на МПЦ-ОА со Помесните православни цркви кои битисуваат на Австралиско тло?*

Тоа го сметам за нешто неопходно и сосема нормално да комуницираме и одржуваме контакти со другите сестрински православни цркви. Ги знаеме нашите проблеми околу потребата за афирмирање на МПЦ-ОА. Австралија е мултиетничка и мултикултурна држава, која ги негува тие меѓуетнички односи и ние тоа треба паметно да го искористиме.

Честопати, пред да појдам на таквите средби се двоумам и се прашувам како ќе бидам прифатен, но секогаш ме прифаќале најискрено и со отворено срце.

Затоа сметам дека најнапред тоа треба да го направиме личносно во подобрување на нашите пријателски личносни односи, а потоа и административно.

Во секој случај, треба да сме отворени, да комуницираме и да сме свесни дека ние сме потполна Црква и дел од едната, света, соборна и апостолска Црква.



## 11 *Како одговорен уредник, што мислите за списанието „Православие“, дали тоа придонесува за развитокот на мисијата на новоформираната Австралиско – сиднејска епархија во запознавањето на своите верници со верата и епархиските настани?*

Мисијата во сите нејзини облици, меѓу кои и пишаното слово, е основен продукт, плод на една Црква. Плод којшто во исто време е семе за поголеми плодови. Знаејќи го тоа, не се двоумевме во организирањето и издавањето на нашето епархиско информативно гласило, кое го нарековме едноставно „Православие“. Со многу малку активни луѓе, но со голем ентузијазам, несебично се заложивме „Православие“ да изгледа поатрактивно и поприфатливо за нашиот човек овде, кој има насушна потреба од духовна храна.
Засега имаме издадено три броја и покрај добрите критики, мислам дека сè уште е рано да зборуваме за реални резултати, но секако дека придонесува за развитокот на мисијата на новоформираната Австралиско-сиднејска епархија.

## 12 *За крај, Ваше Високопреподобие, која пастирска порака би сакале да им ја испратите на читателите на нашето списание?*

Имам само една желба, а тоа е мојот народ да го видам обединет и единствен. Треба да знаеме дека ѓаволот е единствениот наш непријател, а не човекот, па понатаму кон него да бидат усмерени сите наши борби. Ние луѓето, понекогаш, кога ќе ја промашиме Божјата волја, помалку или повеќе, му служиме (на ѓаволот)







и на тој начин се повредуваме. За жал, многу пострадавме од непријателот, однадвор и одвнатре, но да заборавиме. Да ги надминеме сите наши непријатности и да погледнеме нанапред. Многу е пропуштено, но ако сè уште се свртуваме назад, ќе го пропуштиме и тоа што можеме да го спасиме. Ако се концентрираме на тоа сегашноста да ја направиме добра, тогаш и иднината ќе ни биде посигурна и посреќна. Нема кој да го направи тоа за нас. Сами треба да се потрудиме. Да почнеме секој од себе и на тој начин ќе им помогнеме на сите, на заедницата. Друг пат, па и избор, немаме.
Нека Господ и Богородица бидат со сите нас и ни помагаат во сите денови од нашиот живот. Амин!

*Разговарот го водел:*
*др. Ананија Ананиевски*



др. Ананија Ананиевски,
заменик претседател на МОYА и член на ЕЦПС









20 years of the ordination into rank of Hieromonk





# ЧЕСТИТКИ ДО НЕГОВОТО ВИСОКОПРЕПОДОБИЕ, АРХИМАНДРИТОТ Г. ГАВРИЛ ПО ПОВОД НЕГОВИОТ ЈУБИЛЕЈ 20 ГОДИНИ ОД РАКОПОЛАГАЊЕТО ВО ЈЕРОМОНАШКИ ЧИН



20 years of the ordination into rank of Hieromonk

*Честитка од м-р Даријан Сотировски,*
*Директор на КОВЗРГ*



Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи на Република Македонија м-р Даријан Сотировски упати своја честитка до Неговото Високопреподобие, Архимандритот Гаврил (Галев) по повод големиот јубилеј 20 години од ракополагањето во јеромонашки чин.

***Ваше Високопреподобие, почитуван отец Гаврил,***

Дозволете ми во името на македонските граѓани и во мое лично име да Ви го честитам значајниот јубилеј, 20 години посветена работа во подвигот. Еден ден е доволно долг за многу бесполезни работи, но премногу краток за суштинска посветеност во вршењето на своите работни задачи. Сите дни кои изминативе 20 години ги поминавте во беспрекорна служба нека бидат пример и правило и за вашето идно делување.

Ви посакувам добро здравје, радост и лесни пости.

*Со особена почит,*

*Даријан Сотировски,*

*Директор на КОВЗРГ*

## *ЧЕСТИТКА ОД МЛАДИНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА МЛАДИНА НА АВСТРАЛИЈА – М О Y А*



Од мое лично име и од името на сите членови на Македонската православна младина на Австралија на нашиот духовен татко, Високопреподобниот Архимандрит г. Гаврил Галев (Галев), игумен на манастирот „Свети Климент Охридски“ во Кинг Лејк – му го честитаме големиот јубилеј 20 години од неговото ракополагање во јеромонашки чин и му посакуваме уште поголеми успеси и јубилеи на Нивата Господова, крепко здравје, мирен и богоподобен живот.

*На денешен ден (28ми февруари 1998) точно пред 20 години, Неговото Високопреподобие Архимандрит г. Гаврил е ракоположен од страна на Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Струмички г. Наум во чин јеромонах.*

Со Божјата благодат отец Гаврил почна едно духовно патување што го донесе во најдалечното место на мисијата на Православната Црква на Македонија - Охридската архепископија, наследничката на познатата Јустинијана Прима, во прекуокеанската епархија на Австралија и Нов Зеланд за да го прибере Божјото стадо. Нека неговата мисија расте, а неговите дела да се множат, како и до сега, при нашата света, соборна, и апостолска Црква.

Го молиме Бога и се надеваме дека конечно ќе се обедини Македонскиот народ тука во Австралија и Нов Зеланд, и дека ќе си го добиеме тоа што уште одамна требаше да го добиеме, тоа што реално ни припаѓа, што ни следува, а тоа е наш пастир, кој ќе се залага за својот народ, кој ќе се радува за добрите вести и дела и кој ќе тагува и ќе биде секогаш тука за и со својот народ во најтешки моменти како духовен татко и Митрополит Австралиско-новозеландски.

Дај Боже набргу во лицето на нашиот сакан Архимандрит г. Гаврил да го добиеме она што долго време го очекуваме, да добиеме свој Митрополит за слава на Бога и за духовен напредок за нашиот народ и Црква.

Нека ти е среќна годишнината, почитуван наш Архимандрите Гаврил - наш духовен пастир и извор на православното учење во Австралија и Нов Зеланд.

ДОСТОЕН, АХИОС, WORTHY!

***На многаја и благаја лета!!! Спаси Христе Боже!***

МУ БЛАГОДАРИМЕ НА БОГА ШТО ТЕ ИМАМЕ ПОСРЕДЕ НАС!!!

*Со почит и љубов,*

***Ананија Ананиевски,***

*Заменик претседател на МОYА и член на ЕЦПС*

## *ЧЕСТИТКА ОД ПРОТОЈЕРЕЈ-СТАВРОФОР ЕФТИМ БЕТИНСКИ*



Светиот евангелист Јован Богослов напишал: И оваа заповед ја имаме од Него: Кој Го сака Бога, да го сака и братот свој (1 Јн. 4,21).

Во една прилика, пред неколку години, на социјалните мрежи беше објавено дека Игуменот Гаврил (Галев), првиот македонски јеромонах на Австралиското тло, е одликуван од Премиерот на Австралија за неговиот несебичен труд и залагање да ги собере младите македонци и македонки – православни христијани, под крилото на Мајката Македонска православна црква. Тогаш не го познавав отецот Гаврил, но бев воодушевен од резултатите што ги постигнал во периодот откако дошол во Австралија.

Посакав да се запознаам и да го сретнам отецот Гаврил, основачот и претседател на младинската организација „Македонска православна младина на Австралија“ MOYA, (Macedonian orthodox youth of Australia), каде што членуваат неколку стотици млади македонци, но, од за мене несфатливи причини тоа не ми беше овозможено.

Господ Бог, според Неговата промисла благоволи, отецот Гаврил да дочека и да доживее многу тешки искушенија од неговите малодушни собраќа и претпоставените во епархијата во која богослужеше. Но, на тешкотиите им дојде крајот. Искушенијата, навредите, понижувањата и голготата на почитуваниот отец Гаврил завршија со неговата најава дека сака да богослужи во црквата „Успение на Пресвета Богородица“ во Мелбурн, каде што според Одлуката на Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Дебарско-кичевски и и Администратор на Австралиско-сиднејската епархија, за парохиски свештеник бев назначен јас. Со благослов на надлежниот Архиереј, почнавме заедно да богослужиме во секоја недела и на секој празник. Постепено, од ден на ден, се разгоруваше братската љубов меѓу нас и како сослужители и како собраќа.

Но, ќе згрешам ако не ја истакнам и нагласам неговата, забележителна и полна со енергија, љубов кон неговите духовни чеда, (неколку стотини) млади македонци и македонки со нивните деца кои секојдневно присуствуваат на богослуженијата. На секоја богослужба тие активно учествуваат: се молат, пеат на певница, помагаат и придонесуваат за велелепието на светиот храм, се исповедаат, се причестуваат, со еден збор под духовното раководство на отецот Гаврил тие се живи и активни членови на Светата Црква.

Отецот Гаврил со своето големо смирение ги закрилува и духовно ги води кон спасителниот Христов пат, учејќи ги да ги љубат своите ближни како самите себе си.

Љубовта кон братот свој, како и одбележувањето на 20 годишнината од замонашувањето и монашки постриг на Архимандритот Гаврил (Галев), ме поттикнаа да ги напишам овие неколку реченици за отецот Гаврил кој е вистински пример на духовник, вистински духовен родител на својата паства и возљубен брат во Христа. Младите монаси нека го имаат за поучен пример во својот монашки живот.

***Честит јубилеј и за многу години отец Гавриле!***

*Со почит и љубов во Христа,*

*Протојереј-ставрофор*

***Ефтим Бетински***









20 years of the ordination into rank of Hieromonk

